**20262203563**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 68 став 3 од Законот за превоз во патниот сообраќај („Службен весник на Република Македонија“ бр. 68/04, 127/06, 114/09, 83/10, 140/10, 17/11, 53/11, 6/12, 23/13, 120/13, 163/13, 187/13, 42/14, 112/14, 166/14, 44/15, 97/15, 124/15, 129/15, 193/15, 37/16, 71/16, 64/18, 140/18, 163/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 67/22, 170/24, 3/25, 17/25 и 101/25), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 15 септември 2026 година, донесе

# УРЕДБА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА НАЧИНОТ НА РАСПРЕДЕЛБА, ДИСТРИБУЦИЈА И РЕВИЗИЈА НА ИСКОРИСТЕНОСТА НА ДОЗВОЛИТЕ ЗА МЕЃУНАРОДЕН ПРЕВОЗ НА СТОКА

Член 1

Во Уредбата за начинот на распределба, дистрибуција и ревизија на искористеноста на дозволите за меѓународен превоз на стока („Службен весник на Република Македонија“ бр. 163/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 263/19, 269/20, 36/21, 219/21, 200/22 и 188/24), во член 3 ставот (1) се менува и гласи:

„Министерство за транспорт врз основа на потпишани билатерални спогодби со држави или договори со меѓународни институции или меѓународни организации, секоја година по принцип на реципроцитет разменува поединечни транспортни дозволи. Дозволите според видот на превозот кој може да биде извршен можат да бидат: билатерални, транзитни и за и од трети земји или комбинација од сите три вида дозволи. Дозволите можат да важат за еден превоз, за еден превоз во одење и враќање и за неодреден број на превози. Овие дозволи важат од 1 јануари до 31 декември во тековната година односно до 31 јануари наредната година доколку со одделни земји има таков договор.“

Ставот (2) се менува и гласи:

„ЕКМТ дозвола е мултилатерална дозвола во електронска форма (во натамошниот текст: ЕКМТ дозвола), издадена од Секретаријат на Европската конференција на министри за транспорт, која содржи технички ограничувања во врска со еуро стандардот на возилата кои може истите да го користат и врз основа на која може да се вршат неограничен број на возења меѓу земјите членки на ЕКМТ или во транзит преку нивната територија.“

Член 2

Во членот 4 во ставот (1) зборот „месечни“ се заменува со зборовите „месечни (краткорочни)“.

Во ставот (2) зборовите „со жолта боја и печат“ се бришат.

Во ставот (3) зборовите „и се со зелена боја“  се бришат.

Член 3

Во членот 9 став (1)  по зборот „Република“ се додава зборот „Северна“, а бројот „20“ се заменува со бројот „15“.

Во ставот (2) зборовите „заклучно со 16 октомври во годината на поднесување на барање“, се бришат.

Ставот (3) се менува и гласи:

„Овластените технички служби за единечно одобрување на возила согласно Законот за превоз во патниот сообраќај при издавање на ЕКМТ тест сертификат за подготвеност за сообраќај на товарните моторни и приклучни возила, ги внесуваат податоците (МК број и рокот на важење) во електронскиот систем на превозници кој се води во Министерството за транспорт, одделно за секој превозник.“

Ставот (4) се менува и гласи:

„За возила со кои превозникот учествува во распределба на годишни ЕКМТ дозволи, ЕКМТ тест сертификатот за подготвеност за сообраќај на товарните моторни и приклучни возила треба да има рок на важење до / од 13 октомври во тековната година и повеќе.“

По ставот (4) се  додава нов став (5) кој гласи:

„(5) Податоците од ставовите (2), (3) и (4) на овој член се внесуваат во електронскиот систем на превозници со податоци за превозниците кои аплицираат за распределба на годишни ЕКМТ дозволи и годишни поединечни транспортни дозволи согласно член 19 став (2) од оваа уредба.“

Член 4

Во членот 10 во ставот (1) зборот „базата“ се заменува со зборовите „електронскиот систем“.

Во ставот (2) зборот „базата“ се заменува со зборовите „електронскиот систем“.

По ставот (2) се додава нов став (3) кој гласи:

„(3) Просечната вредност по возила од ставот (2) на овој член се утврдува како просечна бројка до две децимали, на возила во сопственост на превозникот согласно движењето на возилата (пријава - одјава) во текот на претходната календарска година и нивното евидентирање во електронскиот систем.“

Во ставот (3) кој станува став (4) зборот „јули“ се заменува со зборот „јуни“, а зборот „базата“ се заменува со зборовите „електронскиот систем“.

Член 5

Во член 11 во ставот (2)  бројот „10“ се заменува со бројот „8“.

Член 6

Во членот 12 зборот „базата“ се заменува со зборовите „електронскиот систем“.

Член 7

Членот 13  се менува и гласи:

„(1) Критериумот од член 68 став (2) точка 4 од Законот за превоз во патниот сообраќај - ефикасно користени ЕКМТ дозволи, се применува со утврдување на ефикасно користени ЕКМТ дозволи преку извештаите на извршените превози кои се евидентираат во Министерството за транспорт.

(2) Листа на превозници за ефикасно користење на годишни ЕКМТ дозволи се формира според евидентирани извршени полни превози за период од 1-ви јануари до 31-ви август во тековната година и за нив се определуваат следните бодови:

- од 10 до 15 извршени превози - 1 бод/дозвола;
- од 16 до 24 извршени превози - 2 бода/дозвола;
- од 25 до 34 извршени превози - 3 бода/дозвола и
- од 35 и повеќе извршени превози - 4 бода/дозвола, при што на превозниците кои користат од 1 - 7  ЕКМТ дозволи во тековната година им се доделуват 50% од ист вид ЕКМТ дозволи, на превозници кои користат од 8 до 15 ЕКМТ дозволи во тековната

година им се доделуват 60% од ист вид ЕКМТ дозволи, а на превозници кои користат од 16 и повеќе ЕКМТ дозволи во тековната година им се доделуват 70% од ист вид ЕКМТ дозволи, според дефицитарноста на истите почнувајќи од дозволи со поголема бодовна вредност кон помала, доколку дозволите се предмет на распределба.

(3) Листа на превозници за користење на годишни ЕКМТ дозволи за вршење на полни превози за и од трета земја се формира според евидентирани превози за период од 1-ви јануари до 31-ви август во тековната година и за нив се определуваат следните бодови согласно просечен број на превози за осум месеци од вкупниот број на годишни ЕКМТ дозволи со кои се извршени превозите за и од трета земја:

- од 15 до 25 извршени просечни превози - 1 бод;
- од 26 до 34 извршени просечни  превози - 2 бода и
- од 35 и повеќе извршени просечни превози - 3 бода.

(4) Ефикасно користење на ЕКМТ дозволата подразбира извршување на минимум 10 полни превози за период јануари-август во тековната година и навремено доставување по хронолошки ред на извештаите за извршените превози. Превозникот до 20-ти во тековниот месец доставува извештаи за извршени превози започнати и завршени во одреден циклус на движење на возилото за еден месец се до неговото враќање во матичната држава, а при распределбата се бодираат извештаите кои биле доставени во Министерството за транспорт месец за месец, по хронолошки ред, односно заклучно со 20 септември во тековната година, доколку согласно контролата од став (7) на овој член не се утврдени неправилности во запишаните полни превози во електронскиот дневник на патување на ЕКМТ дозволи.

(5) Увид во евиденцијата на извршените превози со годишни ЕКМТ дозволи се врши на крајот на секое тромесечие во период од 10 дена од почетокот на наредниот месец (1-10 април, 1-10 јули, 1-10 септември) за превози кои се извршени заклучно со 31 август.

(6) Одземените ЕКМТ дозволи согласно членовите 69-д и 82 од Законот за превоз во патниот сообраќај, како и ЕКМТ дозволи кои не се ефикасно користени согласно став (3) на овој член, два пати едно подруго не се доставени извештаи и/или не се преземени кодовите на распределените годишни ЕКМТ дозволи од Министерството за транспорт во предвидениот рок се прераспределуваат на друг превозник во согласност со Ранг листа на превозници за нивна распределба во која се евидентира бројот на соодветен непокриен моторен возен парк со годишни ЕКМТ дозволи и остаток на вкупни и просечни бодови, подредени по остаток на бодови од најголем кон најмал, при што приоритет имаат превозници со помала покриеност на возниот парк со кој аплицирале за учество во распределба на годишни ЕКМТ дозволи.

(7) Во текот на годината, од страна на Министерството за транспорт се вршат контроли (по случаен избор) во извештаите од електронскиот дневник за патување на ЕКМТ дозволи од став (1) на овој член, со споредба  на оргинални документи (цмр-товарен лист, налог за утовар и фактура за извршен превоз) со кој се докажува веродостојноста на податоците за извршени превози внесени во извештаи, кои ги доставува превозникот преку писарница на Министерството за транспорт.“

Член 8

Во член 14  ставот (1) се менува  и  гласи:

„Критериумот од член 68 став (2) точка 5 од Законот за превоз во патниот сообраќај - висина на добивката од работењето по оданочување (биланс на успех од претходната година), за остварена добивка од работењето по оданочување се применува така што врз основа на билансот на успех за претходната година се одредуваат следните бодовни категории:

- од 250.000,00 до 300.000,00 денари - 1 бод/возило;
- од 300.001,00 до 450.000,00 денари - 2 бода/возило;
- од 450.001,00 до 550.000,00 денари - 3 бода/возило;
- од 550.001,00 до 650.000,00 денари - 4 бода/возило и
- од 650.001,00 денари и повеќе – 5 бода/возило.“

Член 9

Во член 15 ставот (1) се менува и гласи:

„Критериумот од член 68 став (2) точка 6 од Законот за превоз во патниот сообраќај - висина на вкупен приход од претежната дејност (образецот на структура на приход од дејност - СПД образец од претходната година), се применува така што врз основа на приходот за претежна дејност превоз на стока во патниот сообраќај од „СПД“ образецот за претходната година се одредуваат следните бодовни категории:

- од 2.500.001,00 до 3.500.000,00 денари – 1 бода/возило;
- од 3.500.001,00 до 4.500.000,00 денари - 2 бода/возило;
- од 4.500.001,00 до 5.500.000,00 денари - 3 бода/возило;
- од 5.500.001,00 до 6.500.000,00 денари – 4 бода/возило;
- од 6.500.001,00 до 7.000.000,00 денари – 5 бода/возило и
- од 7.000.001,00 денари и повеќе – 6 бода/возило.“

Член 10

Во членот 19 став (2) во алинејата 2 по зборот „лиценца“ се додаваат зборовите „ ,ЕКМТ тест сертификат за подготвеност за сообраќај на товарните моторни и приклучни возила“.

Во ставот (5) пред зборот „ЕКМТ“ се додава зборот „годишните“.

Член 11

Во член 20 во ставот (2) зборовите „зголемена за еден бод“ се бришат, а по зборот „утврдената“ се додава зборот „гранична“.

Член 12

Во член 21 во ставот (2) по зборот „возило“ се додаваат зборовите „до две децимали“, а пред зборот „ЕКМТ“ се додава зборот „годишни“.

Во ставот (3) во втората реченица зборот „Добиената просечна вредност“ се заменуваат со зборовите „Добиената просечна вредност како цел број“.

Во ставот (5) зборовите „зголемена за два бода“ се заменува со зборовите „зголемена за еден бод“, а зборовите “гранична вредност зголемена за еден бод“ се заменуваат со зборовите „утврдената гранична вредност под која нема да се врши распределба на истите“.

Во став (7) по зборот „расположиви“ се додава зборот „годишни“, по зборот „распределат“ се додава зборот „годишните“, а точката на крајот од реченицата се брише и се додаваат зборовите „и/или ќе се достигне 75% покриеност на возниот парк.“

Во ставот (8) зборот „базата“ се заменува со зборовите „електронскиот систем“.

Во ставот (9) алинејата 1 се менува и гласи:

„-од 1 до 50 нераспределени годишни ЕКМТ дозволи, гранична вредност намалена за еден бод;“

Алинејата 2 се менува и гласи:

„- од 51 до 100 нераспределени годишни ЕКМТ дозволи, гранична вредност намалена за два бода и“

Алинејата 3 се менува и гласи:

„- над 101 нераспределени годишни ЕКМТ дозволи, гранична вредност намалена за три бода.“

Ставот (10) се брише.

Во ставот (11) кој станува став (10) по зборот „билатерални“ се додаваат зборовите „или транзитни“.

По ставот (12) кој станува став (11) се додава нов став (12) кој гласи:

„(12) Доколку се утврди дека нема задржување на годишни ЕКМТ дозволи со важност за Република Австрија и/или Република Грција и/или Руска федерација, согласно критериумите за ефикасно користење на годишни ЕКМТ дозволи, Комисијата прави намалување на граничен бод согласно ставот (3) на овој член за минус 1.“

Член 13

Членот 22 се менува и гласи:

„(1) Броевите на годишните ЕКМТ дозволи се евидентираат од страна на Министерството за транспорт во системот на Секретаријатот на Европската конференција на министри за транспорт - ECMT Digital System-EDS (во натамошниот текст: EDS систем) оделно за секој превозник корисник на дозволите кои му се доделени најдоцна до 31-ви декември во годината на распределба.

(2) Доколку превозникот се откаже од сите или дел од добиените годишни ЕКМТ дозволи по пат на писмена изјава доставена во писарницата на Министерство за транспорт, истите се прераспределуваат на начин утврден во член 13 од оваа уредба.

(3) Министерството за транспорт по истекот на рокот на важење на годишните ЕКМТ дозволи, истите ги деактивира од EDS системот, со што се запира можноста за нивно понатамошно користење, но тие остануваат во EDS системот со цел понатамошни анализи и контроли поединечно за секој превозник корисник на годишните ЕКМТ дозволи.“

Член 14

Во членот 23 по ставот (2) се додава нов став (3) кој гласи:

„(3) Дистрибуцијата на месечни ЕКМТ дозволи се врши врз основа на сеопфатна анализа за утврдување на потребата за дополнителни дозволи наведени во ставот (2) на овој член, со важност за и од трета земја врз основа на евиденцијата која се води во Министерството за транспорт во согласност со ставот (2) на овој член, но не порано од 1-ви март во тековната година.“

Член 15

Во членот 25 во ставот (1) зборовите „има годишни“ се заменува со зборовите „користи годишни“.

Во ставот (6) зборот „подигање“ се заменува со зборот „користење“.

Ставот (7) се менува и гласи:

„Одјавувањето на возилата од електронскиот систем на превозници кој се води во Министерство за транспорт ќе се врши врз основа на официјани документи преку кои се утврдува нивното отуѓување (договор за купопродажба, одлука за расходување, потврда од МВР за неактивност на возило и др.).“

Во ставот (10) зборот „одземена" се заменува со зборот "деактивирана", а зборовите „со листовите од дневникот на патување" се заменуваат со зборовите „за извршени превози од електронскиот дневник за патување на ЕКМТ дозволи ".

По ставот (13) се додава нов став (14) кој гласи:

„(14) За дозволите од член 23 став (1) и (2) од оваа уредба, во случај на дефицит на поединечни транспортни дозволи од соодветен вид, од кои превозникот има потреба за вршење превоз, Комисијата може да издаде дозвола од друг вид."

Член 16

Членот 26 се менува и гласи:

„Поединечна транспортна дозвола се издава на превозник и истата уредно искористена и пополнета се враќа во Министерство за транспорт и притоа се евидентира, како услов превозникот во текот на годината да добива дополнителни транспортни дозволи за користење."

Член 17

Во член 27 во ставот (2) зборовите „односно вратени листови од ЕКМТ дневникот за патување"се заменуваат со зборовите „од електронскиот дневник за патување на ЕКМТ дозволи".

Член 18

Оваа уредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 57-7086/6
15 септември 2026 година
Скопје

Претседател на комисија и
заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Љупчо Димовски,** с.р.